# I. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 1.Општи податоци

Назив: Друштво за производство и промет Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија
Седиште и адреса: Булевар на виното бр.1 Демир Капија
Телефон и факс: 02-3216-719, 02-3228-781
Адреса на електронска пошта: contact@popovakula.com.mk
Адреса на интернет страница: www.popovakula.com.mk

## 2. Правен статус

Матичен број во Државен завод за статистика: 6100937
Шифра на дејност: 11.02
Опис на дејноста: Производство на вино
Број на решение од Централен Регистар: 30120060004139
Датум на основање: 29.03.2006
Статусни промени: 16.05.2007 преобразба во АД
Број на подружници: 4
Број на вработени на последниот ден од годината:12
Систем на управување на друштвото:Едностепен систем на управување
Име и презиме ЕМБ на прокуристот-нема

## 3. Податоци за капиталот и промени во капиталот на друштвото

Вкупен износ на основната главнина: 166.050.000,00
Број на издадени акции:
-обични акции 2.700.000
-приоритетни акции - 0
Номинална вредност по акција: 61,5 ден
Втора емисија на акции – нема
Дали во периодот за кој се известува е извршена поделба на акциите на акционерското друштво и податоци во врска со тоа – не е извршена поделба на акциите
Број на акционери на последниот ден во годината: 753
Број и процент на сопствени обични и приоритетни акции – 2.700.000 обични акции
Податоци за стекнување на сопствени акции од страна на акционерското друштво – нема

Податоци за какви било значајни промени што биле содржани во проспектот доколку акционерското друштво издало проспект во последните 12 месеци – нема
Меѓународен идентификациски број на акциите ИСИН: MKPOPK101014

Сметки на друштвото и назив на депонентните банки кај кои се отворени:

-Шпаркасе Банка АД Скопје 250-0000001999-31
-НЛБ Тутунска Банка АД Скопје 210-0610093701-40
-Централно Кооперативна Банка АД Скопје 320-1000045677-31

**4. Финансиски податоци и финансиска состојба на друштвото**

Цена на обични акции (највисока и најниска)- највисока 16 а најниска 16 МКД
Цена на приоритетни акции- нема
Пазарна капитализација доколку со акциите се тргува на берза или на организиран пазар на 31.12.2022- 43.200.000,00 МКД
Промена на сметководствени политики- нема
Датум на одржување на редовно Акционерско собрание- 11.08.2022

**Име и презиме, на членовите на Одборот на директори и процентуално учество на секој од нив во основната главнина на Друштвото:**

**1.Златко Данев** роден на 14.10.1969 година во Кавадарци - Македонец
Од 2009 година на наоѓа на позицијата Неизвршен член на Одборот на Директори на ВВ Попова Кула АД Демир Капија. Поседува 2433 обични акции или 0,09% од основната главнина. Акциите ги има стекнато со трговска трансакција.

**2.Ивона Колева** роден на 09.08.1991 година во Скопје-Македонка. Од 12.06.2018 година се наоѓа на позицијата Неизвршен член на Одборот на Директори на ВВ Попова Кула АД Демир Капија. Поседува 6500 обични акции или 0,24% од основната главнина. Акциите ги има стекнато со трговска трансакција.

**3.Григори Поповски** роден на 02.04.1952 година во Шчечин, Полска - Македонец. Од 16.05.2007 година се наоѓа на позицијата Претседател на Одборот на Директори на ВВ Попова Кула АД Демир Капија. Поседува 88603 обични акции или 3,28% од основната главнина. Акциите ги има стекнато со трговска трансакција.

**4.Јордан Трајков** роден на 02.02.1969 година во Кавадарци- Македононец. Од 05.06.2014 година се наоѓа на позицијата Извршен Директор на ВВ Попова Кула АД Демир Капија. Поседува 153 обични акции или 0,005% од основната главнина. Акциите ги има стекнато со трговска трансакција.

**5.Климе Бабунски** роден на 1958 година во Велес- Македонец

Од 08.06.2015 година на наоѓа на позицијата Неизвршен член на Одборот на Директори на ВВ Попова Кула АД Демир Капија. Поседува 15730 обични акции или 0,58% од основната главнина. Акциите ги има стекнато со трговска трансакција.

1. **Физички или правни лица кои поседуваат повеќе од 5% од акциите со право на глас**

-Друштво за производство, промет и консалтинг ИНТЕКО ДОО Скопје
ул. Даме Груев 5-7/14
ЕМБ: 5781795
поседува 50,58% од акциите со право на глас.

2. **Договори за наградување**

-Ниту еден член на Одборот на директори или пак лице со посебни одговорности и овластувања нема потпишано договор за наградување.

3. **Трансакции на Друштвото со поврзани лица**

- Попова Кула АД Демир Капија - ИНТЕКО ДОО Скопје:

  - ИНТЕКО му пружа сметководствени услуги на Друштвото и фактурира за тие услуги;

- Popova Kula Polska Sp.z.o.o. – Попова Кула АД Демир Капија

-Попова Кула АД Демир Капија извезува вино во Полска преку своја фирма Попова Кула Полска.

- Попова Кула АД Демир Капија-Станушина Дооел Демир Капија

  - Станушина ДООЕЛ во текот на 2022 има издадено ф-ра за продадено грозје на ВВ Попова Кула АД.

  - ВВ Попова Кула АД во текот на 2022 година има издадено фактури кон Станушина ДООЕЛ, за средства за заштита.

  - ВВ Попова Кула АД во текот на 2022 година има дадено позајмица по договор на Станушина ДООЕЛ.

- Попова Кула АД Демир Капија-ПКТ Дооел Демир Капија

-Попова Кула АД Демир Капија во текот на 2022 година има издадено ф-ри за закуп на ПКТ Дооел Демир Капија
-Попова Кула АД Демир Капија во текот на 2022 година има издадено ф-ри за вино на ПКТ Дооел Демир Капија

## 4. Политика на дивиденда

Поради развојно ориентираните планови на Друштвото, не постојат планови за исплаќање на дивиденда се до заокружување на планирани инвестиции и постигнување на позитивни готовински текови од оперативни активности.

## 5. Деловни активности кои имаат значително влијание на пазарната цена на хартиите од вредност.

Назив на берзата или друг организиран пазар на кој се тргува со хартиите од вредност на
 - Македонската Берза на долгорочни хартии од вредност.

Информација за котација на хартии од вредност на друштвото и назив на берзата на која котираат
-Македонска Берза

Правни прашања – Се водат неколку правни спорови за кои сметаме дека Друштвото ќе ги добие а чија вредност е помала од 5% од вредноста на капиталот на душтвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

Останати значајни прашања кои влијаат на цената на хартиите од вредност
- нема

## 6. Анализа и образложение на деловните резултати и програма за развој на ационерското друштво.

### I. ПРОДАЖБА И МАРКЕТИНГ

Во деловната 2022 година Друштвото забележа вкупни приходи од продажба во износ од 33.819.362,00 денари, што е намалување за 19,43% во однос на 2021 година. Ваквото големо намалување се должи на намалување на приходите од продажба на домашниот пазар, подетално образложено подолу во делот Б) Продажба домашен пазар, додека продажбата на странските пазари постигна значаен пораст односно ја достигна и надмина продажбата од пред пандемијската 2019 година.

А) Продажба странски пазари.

Во деловната 2022 година и покрај постојаниот пораст на цената на транспортот и пролонгирањето на времето за транспорт, потоа порастот на цените на сите репроматеријали и посебно на енергијата предизвикани од

војната во Украина, Друштвото преку воспоставување соработка со нови деловни партнери успеа да се врати со продажба на своите производи на пазарите во УСА и Австралија. Остварената продажба кон овие пазари е посебно важна ако се има во предвид фактот дека заради негативното влијание на пандемијата од COVID 19, во деловната 2020 година во УСА, а во 2021 година и во УСА и во Австралија Друштвото не реализира никаква продажба кон овие важни пазари за вкупната продажба на Друштвото.
Во деловната 2022 година Друштвото преку воспоставување на соработка со нов деловен партнер повторно почна да ги продава своите производи и на пазарот во Србија, очекуваме дека оваа соработка во годините што доаѓаат може да даде добри резултати, посебно заради големиот број на посетители од Република Србија што ја посетуваат Попова Кула АД во текот на туристичката сезона.
Соработката со купувачите од Полска, Шведска, Црна Гора продолжи како и во претходните години, додека на пазарот на Холандија се оствари соработка со два купувачи.

Вкупно остварената продажба на странските пазари во 2022 година е за 234,7% поголема од остварената продажба во 2021 година, но напоменуваме дека 2021 година беше исклучително тешка заради пролонгираните проблеми предизвикани од пандемијата од COVID 19 и дека таа година не е најрепрезентативна за правење споредба, она што е позитивно е дека остварената продажба на странските пазари во 2022 година го достигна и надмина за 6% нивото на продажба од предпандемиската 2019 година.

Б) Продажба домашен пазар.

Продажбата на домашен пазар бележи намалување во однос на 2021 година за 19,43% .

Намалувањето на приходите од продажба во однос на 2021 година се должина најмногу на тоа што во 2020 година имавме случено договор за продажба на наливно вино со однапред познат купувач а конечната фактура кон него се изготви во 2021 година.

Исто така намалувањето на приходите се должи и на што во 2021 година со одлука на борд на Директори се издвои делот за туризам во посебна керка фирма ПКТ Дооел и целокупните приходи од туризам се пренасочија во таа фирма. Меѓутоа намалени се и трошоците во делот од туризам за плати на вработените како и режиските трошоци.

В) Маркетинг и промоција.

Друштвото во текот на деловната 2022 година продолжи со своите активности на полето на продажбата и маркетингот преку интернет и разните социјални мрежи, кон унапредување на продажбата преку својата он-лајн продавница и „винскиот клуб", а исто така продолжи со маркетинг активностите во ланците маркети во кои е присутно со своите производи.

## II. ОПЕРАТИВА.

Во деловната 2022 година ВВ Попова Кула АД преработи 180 тони различни сорти на грозје  дел од сопствено производство, дел од фирма ќерка Станушина ДООЕЛ.  Еден дел од откупеното грозје се извезе во Црна Гора.
Во 2022 се произведија 96,6 илијади литри високо квалитетни вина.

## III. ФИНАНСИИ

Во 2022 година ВВ Попова Кула АД Демир Капија оствари вкупни приходи  од 35.547.171,00  а во 2021 година имаше вкупни приходи од 44.134,436,00  денари или намалување во апсолутен износ од  8.587.275,00 денари.

Во 2022 година вкупните расходи на ВВ Попова Кула АД изнесуваат 32.845.416,00 а во  2021 година изнесувале 42.771.538,00 денари.

Винарска Визба Попова Кула деловната 2022 година ја заврши со позитивен финансиски резултат во износ од  1.649.162,00 денари после оданочување.

## IV. КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ

ВВ Попова Кула АД Демир Капија изготува и консолидирани извештаи зздедно со фирми кои што се во доминантна сопственост на ВВ Попова Кула АД а тоа се Станушина Дооел, ПКТ Дооел и фирма подружница во Полска – Попова Кула Полска.

## V. **ПРОГРАМА**

Со оглед на кризата создадена од војната во Украина  и непредвидените текови на истата како и светската економска криза, не можеме многу да планираме освен што планираме компанијата да ја одржиме во живот.